***СУДИСКА КОМИСИЈА***

## ПРАВИЛНИК ЗА БОДУВАЊЕ
## НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО СПОРТСКО КАЧУВАЊЕ

Секој натпревар од Македонската лига во спортско качување, дисциплина Болдер, Брзинско, Водство и комбинации, се организирани според правилата на IFSC. Правилата на IFSC во делот на Категориите е прилагоден за МКД националната лига во спортско качување и тоа, доколку во една категорија нема минимум 3 натпреварувачи не се прогласува победник и не може да се стекнат поени. Но самите натпреварувачи имаат избор да се вклучат во следната повозрасна категорија.

БОЛДЕР НАТПРЕВАРИ:
На болдер натпреварите се поставуваат 4 или 5 болдери( во зависност од условите) и по системот од 5 минути качување последователно натпреварувачите качуваат по категории. Поени носи само искачен ТОП Болдер и тоа:

| ИСКАЧЕН ТОП болдер носи: / | ИСКАЧЕНА ЗОНА но без ТОП носи: |
|---|---|
| 25 поени – во 1 обид | 5 поени – во 1 обид |
| 20 поени – во 2 обид | 4 поени – во 2 обид |
| 15 поени – во 3 обид | 3 поени – во 3 обид |
| 10 поени – во 4 обид | 2 поени – во 4 обид |
| 9 поени – во 5 обид | 1 поен – во 5 обид |
| 8 поени – во 6 обид | 1 поен – во 6 обид |
| 7 поени – во 7 обид | 1 поен – во 7 обид |
| 6 поени – во 8 обид | 1 поен – во 8 обид |
| 5 поени – во 9 обид | 1 поен – во 9 обид |
| 4 поени – во 10 обид | 1 поен – во 10 обид |
| 3 поени – во 11 обид | 1 поен – во 11 обид |
| 2 поени – во 12 обид | 1 поен – во 12 обид |
| 1 поен – во 13 обид | 1 поен – во 13 обид |

Резултатите како и рангирањето повторно ќе биде 1, 2, 3 место, но поени ќе имаат само оние натпреварувачи кои ќе имаат искачено ТОП или ЗОНА, другите кои немаат, нема да имаат поени, но ќе си освојат место според обиди или според азбучен ред доколку немаат ниту еден поен.
Оставено е да има повеќе обиди, бидејќи со новите правила на ISFC, во рок од 5 или 6 минути нема ограничување на обидите, ниту во квалификации ниту во финале. Во МКД лигата финале ќе има доколку нема победник во квалификациите.
Подолу е прикажан пример на Болдер лист кој ќе се користи на сите натпревари од МКД националната лига во спортско качување:

***СУДИСКА КОМИСИЈА***

Примерок на Болдер лист за натпревар:

БОЛДЕР ЛИСТ

Натпревар/Дата/Место...............................................................................................

Натпреварувач..................................................Клуб................................................

| БОЛДЕР | ОБИД кон ЗОНА | **ЗОНА** | ОБИД кон ТОП | **ТОП** | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |

Главен Судија...........................................................Потпис......................................

---

Како се пополнува Болдер листот во примери:

1. Доколку натпреварувачот во прв обид качи ТОП му се впишува само >**T**< во графата ТОП.
2. Доколку во прв обид искачи ЗОНА и падне, му се впишува >**Z**< во графата ЗОНА. Во сите обиди потоа му се впишува(цртка) > **I** < во графата ОБИД кон ТОП, се додека не качи ТОП. Во оној обид кога ќе качи ТОП, се впишува >**T**< во графата под ТОП, со број на обидите до качен ТОП покрај ознаката **T**, одвоено во заграда(на пример **T(4)** ).
3. Доколку во прв обид падне пред ЗОНА му се впишува > **I** < во графата по ОБИД кон ЗОНА. Се додека не качи ЗОНА, се впишуваат > **I** < обиди кон ЗОНА. Откако ќе ја искачи ЗОНАТА се впишува од кој пат ја качил и >**Z**< (**Z(3)** ) и понатаму се додека не качи ТОП, се впишува ОБИД кон ТОП, независно дали паднал пред ЗОНА или над зоната.

***СУДИСКА КОМИСИЈА***

ВОДСТВО НАТПРЕВАРИ:
Во водство натпреварите се бодуваат според бројот на искачени фаќалишта во насоката.
На пример: искачен ТОП носи 25 поени, не вкопчан ТОП носи 24 поени. Ако Топ е 20 фаќалиште, 19то фаќалиште носи 20 поени, 18то фаќалиште носи 15 поени .............види табела:

TOP=25 поени
TOP не вкопчан –
фаќалиште 25=24поени
Фаќалиште 24=20 поени
Фаќалиште 23=15 поени
Фаќалиште 22=10 поени
Фаќалиште 21=9 поени
Фаќалиште 20=8 поени
Фаќалиште 19=7 поени
Фаќалиште 18=6 поени
Фаќалиште 17=5 поени
Фаќалиште 16=5 поени
Фаќалиште 15=4 поени
Фаќалиште 14=3 поени
Фаќалиште 13=2 поени
Фаќалиште 12=1поени

Искачен ТОП значи вкопчано сидриште. Додека во категориите каде се качува ТОП РОП искачен ТОП се смета последното фаќалиште да се задржи со двете раце како во Болдер.

20. 09. 2018, Скопје

Лазар Петковски
*Претседател на комисија*